Национален Младински Совет на Македонија
Këshilli Rinor Nacional i Maqedonisë
Бр.-Nr. 02-118/1
15.09 2017 год.-viti
Скопје-Shkup

Национален младински совет на Македонија

ул. МирославКрлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 22-09-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 6054 | 1 | |

**Работен документ на НМСМ за доставување на предлози за политики кои се однесуваат на конкретни законски одредби кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија за 2018 година**

**Име на организација:**
Национален младински совет на Македонија
Ул. Мирослав Крлежа 52-2
1000 Скопје

**Автори на документот:**
Александра Филипова - Управен одбор на НМСМ
Блажен Малески - Претседател на НМСМ

**Предлог 1. Креирање на нов закон за студентски и ученички стандард**

Во моменталниот Закон за студентски стандард и Законот за ученички стандард уредено е домувањето на студентите и учениците во студентските домови и начинот на кој се аплицира, распределување на стипендии за студенти и средношколци од страна на државата и начинот на кој се аплицира и туторството како еден од механизмите за добивање на дополнителни поени кои ќе помогнат да се добие стипендија за студенти. Со таквата поставеност законот не ги користи сите можности за унапредување на студентскиот и ученичкиот стандард.

Оттука, се јавува потребата од измени и дополнувања на Закон за студентски стандард и Закон за ученички стандард кои ќе опфаќа поширок спектар на придобивки за студентите и учениците наместо само домување и стипендии. На овој начин, најпрво ќе може да се применат принципите за креирање на младински политики според европски стандарди, ќе се прошири дефиницијата за студентски стандард, а во неа ќе може да влезат бесплатен јавен превоз за студенти и ученици, студентска платежна картичка, дел од мерките од најавената Младинската гаранција, одредени бенефии и попусти за студенти и ученици во кина, библиотеки, книжари, театри, спортски сали,

обезбедено здравствено осигурување за невработени млади кои не се редовни студенти и после 26 години, обезбеден бесплатен јавен превоз на сите студенти (во моментов само редовните студенти на државни универзитети го уживаат ова право). На овој начин за прв пат ќе се креира сеопфатна дефиниција на студентски и ученички стандард во Република Македонија, следејќи ги европските практики, ќе може да се искористат постоечките анализи на младинските организации кои ја обработуваат оваа тема односно процесот на проценска на влијание на регулатива пред да биде донесен законот ќе оди многу полесно и побрзо, а нема да има финансиски импликации. Со ваков опширен и детален закон, секоја идна Влада ќе биде обврзана да ги почитувани и спроведува предложените реални мерки за унапредување на студентскиот и ученичкиот стандард, а ќе се избегнат популистички мерки кои не се од интерес на студентите.

Анализа 1: http://republikamladi.reactororg.webfactional.com/media/download-files/istrazhuvanja_makedonija/%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D1%84%D1%83%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%9A%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%82%D1%83%D0%BB%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B8%D0%BB%D0%B8%20%D0%9E%D0%A2%D0%9F%D0%9E%D0%A0.pdf

**Предлог 2. Локални младински совети и локални младински стратегии**

Преку локалните младински совети на младите им се овозможува учество на локално ниво како и тесна соработка и взаемно помаѓање помеѓу младите и локалната самоуправа. Европските пракси и препораки покажуваат големо вреднување на ваквите механизми кои ги вклучуваат младите на локално ниво и директно им овозможуваат учество во работата на институциите. Создавање на локални младински совети кои се признаени со Статутот на општината во која се формираат ќе значи решавање на предизвиците на младите онаму каде што се појавиле, а тие ќе се обратат кај институцијата што навистина е одговрна за предизвиците, наместо кај Владата или министерствата. Ваквите тела се формираат со Одлука на Влада. Иако претходната Влада имаше донесено ваква одлука дека општините треба да формираат ЛМС, сепак, во поголемиот дел од општините ваквите совети на постојат, а онаму каде што постојат се невладина организација (организирани на различни начини, делумно како

невладини организации, а делумно како советодавни тела без никаква ингеренција или статутарна одредба дека нивното мислење треба да биде земено во донесувањето на одлуките)  односно организација која не е признаена од општината и не соработуваат едни со други на ниту еден начин. Дополнително, креирањето на локалните младински стратегии значи дека општините директно ќе одговараат на потребите на младите кои се жители на таа општина. На овој начин, преку локалните младински совети и локалните младински стратегии ќе се помогне процесот на децентрализација, но и ќе се овозможи поголем опфат на млади лица на кои ќе им бидат задоволени потребите. Исто така, издвојувајќи ги младите како посебна социо-економска категорија, која има различни потреби во зависност од општината во која живее, ќе бидеме сигурни дека наместо исти мерки за сите млади, ќе се креираат компатрабилни мерки за млади кои навистина ќе одговараат на секојдневните проблеми со кои тие се соочуваат.

Ревизија и креирање на соодветна Национална стратегија за млади која ја усвојува Агенцијата за млади и спорт исто така е потребно, најпрво затоа што НСМ 2016-2025 е донесена на брз начин, проследен со пречки за консултации со младинските организации. Исто така, иако се поминати скоро две години од донесувањето на оваа стратегија, акцискиот план за нејзино спроведување не е започнат. Младинските организации не се активно вклучени во спроведување на целите кои се наведени во оваа стратегија. Целите се дефинирани многу општо, а начинот на кој што тие планираат да се исполнат е многу мек и нема да даде никакви резултати, бидејќи тоа се активности кои веќе се спроведуваат од други субјекти и не вродуваат со плод.

Анализа 1: https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/mof_youth_decides
Анализа 2: http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/01/Analiza-na-zastapenosta-na-mladinskite-politiki-vo-programite-na-politichkite-partii-za-vreme-na-parlamentarnite-izbori-2014-godina.pdf
Анализа 3: http://republikamladi.reactororg.webfactional.com/media/download-files/megjunarodni-standardi/evropska-povelba-za-mladi.pdf
Анализа 4: http://republikamladi.reactororg.webfactional.com/media/download-files/megjunarodni-istrazhuvanja/manual.pdf

ул. МирославКрлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**Предлог 3. Отварање на широк консултативен процес за креирање на Закон за млади**

Потребата за законот со млади се протега низ изминатите години, пред се поради потребата за креирање на сеопфатна рамка за дејствување за младинските потреби. Сепак, кога за прв пат се иницираше креирање на Закон за млади, Владата на Република Македонија одбиваше да спроведе сеопфатен и широк консултативен процес заедно со младинските организации за креирање на оддржлив и остварлив закон кој што нема да им биде наметнат на организациите, туку тие би настапиле како партнери. Покрај бројните забелешки на младинските организации, предлог законот во тој момент предвидуваше креирање на законски наметнато тело за организирање на младинските организации. Европската пракса и тогаш, а и денес предвидува тој процес да го раководат самите организации. Во времето од 2011 до денес токму такво тело се формираше, кое што претставува претставничко тело на младите и младинските организации и е раководено од самите младински организации. Неговото признавање со овој закон, како и предвидување финансиски средства за тоа тело ќе ја доближат Македонија до успешните ЕУ практики за поддржување на националните младински тела. Дополнителен аргумент за отпочнување на ваков процес и потребата за креирање на тела за заедничко работење (какви што се ко-менаџмент телата во европските практики) помеѓу младинските организации и владините институции. Отварање на широк консултативен процес предводен од младинските организации во 2018 година е чекор напред кон креирање на закон кој ќе овозможи младинско учество и организирање на национални ниво, ќе регулира одредени редовни пракси кои не се законски регулирани, а ќе обезбеди единствен механизам на државните институции за консултација со младите. Ваквиот механизам ќе ја олесни работата при консултации за младински политики и мерки, при спроведување на проценка на влијание на регулатива и ќе создаде структурен механизам за учество на младите во комисиите во Собрание кои работат со млади.

Анализа 1: http://www.progres.org.mk/progress-project/documents/559bbc485f6ca_zakon-za-mladi-studija-mladinski-politki-2011%20(1).pdf

Анализа 2: http://republikamladi.reactororg.webfactional.com/media/download-files/megjunarodni-standardi/evropska-povelba-za-mladi.pdf

**Предлог 4. Буџетска поддршка за Националниот младински совет на Македонија**

Како држава се стремиме да ги следиме, почитуваме и имплементираме европските пракси. Токму затоа, потребна е буџетска поддршка на Националниот младински совет на Македонија, како би можел да ја исполни целта на своето постоење а тоа е претставување на младите и младинските потреби и приоритети пред институциите наместо аплицирање на проекти и спроведување на проектни активности. Ваквата пракса на финансирање на националните совети е воспоставена во поголем број на европски земји:

- Националниот совет во Белгија добива 1% од буџетот што е наменет за младински политики
- Националниот совет во Германија добива отприлика 1.5 милиони евра на годишно ниво
- Националниот совет во Литванија добива отприлика 144 800 евра на годишно ниво
- Националниот совет во Словенија својот буџет го добива од Министерството за млади.

Преку обезбедување буџетска поддршка за Националниот младински совет на Македонија, покрај тоа што државата ќе поддржи добра европска пракса, ќе обезбеди финансиска стабилност и одржливост на советот како истиот би можел да се фокусира на спроведување на анализи, истражувања, мониторинзи и проценки на влијание на регулатива како во соработка со надлежните институции преку тие податоци би можеле да се креираат подобри и поквалитетни младински политики.

Националните совети се исто така дел од европска мрежа на младински организации наречена Европски младински форум. Таму, на највисоко европско ниво се дискутираат младинските политики и пракси кои што се спроведуваат во секоја земја во Европа, се креираат мислења, препораки и заеднички ставови на младинските организации на европско ниво. Националниот младински совет на Македонија е член

ул. МирославКрлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

во Европскиот младински форум (ЕМФ), а во иднина буџетската помош од државата ќе се користи и за подмирување на членарината за ЕМФ.

**Предлог 5: Тело за структурна соработка помеѓу институциите и младинските организации**

Преку создавање на тело во чија работе ќе учествуваат претставници на сите институции надлежни за млади и претставници на Националниот младински совет на Македонија како претставничко тело на млади признаено од државата, ќе се оебзбеди брз и структурен механизам за консултации. На овој начин консултациите за младински политики, препораки и закони кои регулираат права и обврски на младите ќе се одвиваат преку ова тело, а стуктурниот дијалог помеѓу младите и институциите ќе се зголеми и ќе се канализира преку носење на добри политики за млади кои ќе бидат консултирани со сите засегнати страни.

Национален младински совет
на Македонија

ул. МирославКрлежа 52-2, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

ИЗЈАВА

Национален младински совет на Македонија дава согласност за објавување на предлогот на интернет страницата на Одделението за соработка со невладини организации: http://www.nvosorabotka.gov.mk .

-------------------------------
Блажен Малески
Претседател на НМСМ